Светозар НАУМОСКИ

# СЕЌАВАЊАТА НА ЖИВИТЕ УЧЕСНИЦИ И ЗНАМЕНИТИТЕ МЕСТА ОД НОВ И НИВНОТО КОРИСТЕЊЕ ВО НАСТАВАТА ПО ИСТОРИЈА ПРИ ИЗУЧУВАЊЕТО НА РОДНОКРАЈНАТА ИСТОРИЈА

Со наставната програма по историја, наставниците можат да креираат кога е во прашање изучувањето на роднокрајната историја.[1]

Изучувањето на роднокрајната историја е од непроценливо значење во наставата по историја, бидејќи преку нејзиното изучување се помага да се поттикне и да зајакне интересот на учениците за изучување на историјата воопшто, зашто роднокрајната историја дава конкретни содржини, ги зајакнува непосредните перцепции на учениците, а тоа претставува добра подлога за борба против формализмот и вербализмот во наставата по историја. Преку изучувањето и посетата на роднокрајните знаменитости и слушањето на живиот збор на учесниците во историскиот настан, се остварува и висок степен на нагледност.[2]

*

*　　*

Од ослободувањето до денес, главна преокупација во наставата по историја била и останува историјата на Народноослободителната војна и Народната револуција. Тоа е разбирливо, ако се има предвид фактот што преку изучувањето на содржините за Народноослободителната војна и Народната револуција учениците ги согледуваат основните принципи врз кои се развивала нашата револуција, во која под раководството на КПЈ и нејзиниот идеен водач и стратег — Јосип Броз Тито се остварија најсветлите идеали на југословенските народи и народнос-

---

[1] Дамјан Лепчески, Стручно-методски прилози за наставата по историја, Скопје, 1979, стр. 82

[2] Д-р Војо Кушевски, За местото на Спомен музејот на ЦК КПМ во Тетово при обработката на роднокрајната историја во Тетово и Тетовско, Сп. „Историја", Скопје, 1985, бр. 2, стр. 380

ти и се оживотворија прогресивните стремежи на нивната вековна борба за независност и слобода

Во повеќе наврати (бројни говори, интервјуа и написи) за значењето од изучување на содржините од Народноослободителната војна и Народната револуција во наставата по историја, укажуваше и Претседателот Тито, нагласувајќи ја при тоа потребата вистината за НОВ и Народната револуција да се сочува, и систематски да се пренесува на младите генерации.[3]

Големи можности за постигнување на горенаведените цели на наставата по историја, во изучувањето и усвојувањето од учениците на наставното градиво за Народноослободителната војна и Народната револуција даваат и содржините од роднокрајната историја од НОВ, преку чие изучување во рамките на наставата по историја им се овозможува на учениците многу полесно да ги сфатат целите, идеалите и конкретните услови во кои се водела нашата Револуција. При тоа е потребно, наставникот по историја да контактира односно соработува со Здружението на борците од НОВ во своето место, вклучувајќи го и Друштвото на историчарите. Соработката на оваа релација треба да биде постојана односно континуирана. Со своето присуство борците на часовите по историја даваат непроценлив придонес за идејното насочување на учениците преку наставата по историја, во духот на југословенскиот социјалистички патриотизам. На значењето на овој факт, укажува и Претседателот Тито. Така, во предговорот на едицијата „1941—1942“ за сведоченијата на учесниците на Народноослободителната војна, тој покрај другото пишува:

„И денес и секогаш зборовите на борците треба да бидат спомени на деновите на големата борба и револуцијата, треба да бидат гордост и да бодрат на нови големи дела, на јунаштво на работата во мирот, на одлучност во одбраната на единството и независноста, чување на мирот во светот . . .“[4] Затоа, обработката на секоја содржина во наставата по историја од периодот на Народноослободителната војна и Народната револуција, вклучувајќи ги и содржините од роднокрајната историја од овој период, наставникот по историја треба да ја остварува во соработка и во најголем број случаи со лично присуство и непосредно евоцирање спомени на борци од НОВ — кои биле непосредни актери во поедини настани од НОВ, одиграни на територијата на роднокрајното подрачје. Значи и преку непосредното слушање на живиот збор на борците — непосредните актери во историските настани и живите паметници на Народноослободителната војна и Народната револуција, ученикот ги чувствува лу-

---

[3] Ѓерѓ Гал, Титовото дело во наставата по историја, Сп. „Историја“, Скопје, 1982, бр. 1-2, стр. 171

[5] Јован Кочанкоски, Училишното историско катче — форма за одржување на традициите од НОВ и Народната револуција, Сп. „Историја“, 1969, бр. 2, стр. 136—137

ѓето-револуционери и настаните од нашата Народна револуција и НОВ во родниот крај како свои, тие му се блиски, а тоа го тера ученикот на размислување и споредување на настаните од периодот на НОВ и Револуцијата во родниот крај со настани од останатите подрачја ширум нашата земја, односно, учениците на овој начин се сретнуваат во „живо“ со нашата Револуција и НОВ. Овој факт е од непроценливо значење, зошто на тој начин учениците и сами во голем степен ја доживуваат Народноослободителната војна и Народната револуција, спрема неа се однесуваат со пиетет, за нив повеќе таа не е „теорема која што пред нив не е докажана“, туку напротив среќавајќи се со нејзините актери секојдневно на улица, во општествениот и во секојдневниот живот, кај учениците се изградува свест дека нашето денешно социјалистичко општество е плод на Народноослободителната војна и Народната револуција, во која учествувале и успешно ја извеле наши луѓе — припадници на сите југословенски народи и народности, нејзините актери се меѓу нас, кои со своето присуство ги поттикнуваат моралните и патриотските чувства на учениците во духот на југословенскиот социјалистички патриотизам. Учениците сфаќаат дека нашата социјалистичка револуција не престанала со завршувањето на Втората светска војна, туку дека истата и денеска трае, односно дека е „револуција која тече“.

Посетувањето и изучувањето на роднокрајните историски места и настани од периодот на НОВ и Народната револуција од учениците преку редовната настава по историја, треба да се одвива во придружба и со искажувања односно евоцирање спомени на борците — непосредни живи актери во настаните од НОВ, на тие историски места. Тоа треба да биде составен дел од наставната работа на секој наставник по историја, како во основното така и во средното насочено образование, при реализирањето на програмата за изучување на роднокрајната историја. При тоа, како роднокрајно-историски знаменитости (места) од периодот на НОВ и Народната револуција, кои би требало организирано со учениците и во придружба на борците да се посетуваат на часовите по историја спаѓаат:

— Споменици од НОВ и Народната револуција;

— Куќите во кои биле формирани партиски ќелии, организации, месни комитети и одржувани илегални состаноци на истите;

— Куќите каде престојувале илегалци (борци, партиски инструктори, партиски и воени раководители, ранети борци и други) и каде што постојат зачувани скривници, во кои се сместувале илегалците во моментите на опасност (потери, блокади и слично), што е од големо значење за учениците да го согледаат вистинскиот морал, цврстината и непоколебливоста на учесниците во нашата Револуција;

— Куќите кои служеле како илегални „магацини“, каде привремено била сместувана „народната помош“ собирана од народот, од членовите на Партијата, СКОЈ, Народноослободителните одбори и од другите учесници во Народноослободителното движење. Помошта се состоела од: оружје, муниција, облека, санитетски материјали, храна, парични прилози и друго, од кои куќи народната помош по илегални канали се испраќала во партизанските бази, одреди и други единици на НОВЈ;

— Куќи спомен-музеи (меморијални) на народни херои и првоборци од роднокрајното подрачје;

— Местата каде биле одржани првите митинзи, по ослободувањето на роднокрајното подрачје од окупаторот;

— Куќите во кои поединци и групи борци биле испраќани во партизанските одреди;

— Куќите каде била сместена и работела илегална партиска техника;

— Местата каде биле извршени атентати врз окупаторските војници, офицери и домашни предавници;

— Местата каде биле организирани и изведени разни масовни форми на отпор против окупаторот, како на пример: штрајкови, протести и др.

— Музеи во кои има музејски поставки, со тематика од роднокрајната историја од периодот на НОВ;

— Историски архиви во кои има архивски фондови со содржини од роднокрајната историја од периодот на НОВ, при што одделни поважни документи пред учениците на часовите по историја е добро да бидат прокоментирани и од самите борци — учесници во настаните од НОВ. На пример, во врска со околностите под кои тие документи настанале, нивниот одглас меѓу народните маси, посебно кога се работи за програмски документи — директиви, прогласи и слично. По можност наставникот по историја да практикува некои од позначајните документи за роднокрајната историја од периодот на НОВ да се фотокопираат, и да се погрижи за нивното сместување во училишното историско катче односно училишниот музеј, историската збирка, во кабинетот и слично;

— Во соработка или учество на учесници од НОВ организирање на мал училишен спомен-музеј на патронот на училиштето — учесник во НОВ и Народната револуција, и сместување во него: фотографии, лични предмети и документи на патронот, како и на други учесници и настани од НОВ во роднокрајното подрачје;[5]

— Посета и на други недоволно познати историски места и установи, кои се однесуваат на роднокрајното подрачје од периодот на НОВ и Народната револуција, на кои може да ука-

[4] Исто, стр. 173

жат и да ги објаснат месните луѓе — учесници или сведоци на настаните.

Една од ефикасните форми на изучување на историјата на роднокрајното подрачје од периодот на НОВ и Народната револуција е организирањето историски часови во училиштето, со присуство на борци-учесници од НОВ — непосредни актери во одделни настани. На пример, на делегати-учесници во работата на значајни заседанија и конгреси од времето на НОВ, како на пример: на Првиот конгрес на НОМСМ, на Првото заседание на АСНОМ и слично, особено по повод прославувањето на годишнини или јубилеи од овие настани. При тоа добро е искажувањата-евоцирањата спомени на борците-учесници во овие настани да бидат снимани на магнетофонски ленти, и депонирани во училишниот музеј (катче), за да можат да бидат користени и во други прилики, во наставата и пошироко.

На наставникот по историја останува сам да одлучува, како дидактички ќе ги организира овие часови, посветени на изучување на историјата од времето на НОВ и Народната револуција.

Освен преку редовната настава по историја, роднокрајната историја се изучува и преку разни форми на слободните ученички активности. На пример преку секциите на младите историчари, организирање изложби на тема „Учеството на родокрајното подрачје во НОВ и Револуцијата", или со пишување реферати со тематика од настаните во НОВ и Револуцијата во дотичното подрачје, како и на помали трудови на истата тематика, снимени искажувања на борците од НОВ и револуцијата прочитани односно емитувани преку училишната разгласна радиостаница пред сите ученици итн. Исто така, делови од трудови на оваа тема напишани од наставникот по историја или од самите ученици под менторство на наставникот, можат да бидат објавени во училишниот весник или на училишната огласна табла и сл.[6]

За значењето на вклучувањето на историските места и настани од родниот крај и пошироко во процесот на наставата по историја, за чувањето и негувањето на придобивките од НОВ — Претседателот Тито пред учениците на прославата во Грмеч во јули 1979 година, меѓу другото истакнува:

„Мене ме радуваат активностите што ги преземате во одбележувањето на историските места и настани. Бидејќи тоа придонесува за потполно осветлување на нашата борба и автентичните вредности на нашата револуција, со кои треба да се напојуваат и сегашните и идните генерации".[7]

---

[6] Д-р Светозар Наумоски, До идејноста во наставата по истоија и преку мислата и делото на Тито, „Просветен работник", Скопје, бр. 644 од 12 септември 1987, стр. 8

[7] „Политика", Белград, од 28 јули 1979, стр. 9

x

x x

Токму поради сето ова, изучувањето на роднокрајната историја како составен дел од наставата по предметот историја, а особено онаа од периодот на НОВ и Народната револуција е од непроценливо значење не само за наставата по историја, туку и за целиот воспитно-образовен процес. Затоа роднокрајната историја, треба да најде неизоставно место во плановите за реалипација на наставната програма по предметот историја, кај секој наставник-историчар, како во основното така и во средното насочено образование. Изучувањето на роднокрајната историја покрај воспитно-образовните ефекти, за учениците претставува и прв чекор кон нивното воведување во општествените настани и односи, и при тоа се врши и идејно-политичко воспитување и насочување на младите генерации во духот на нашите определби.

На крајот би потсетиле на фактот, дека изучувањето на роднокрајната историја од периодот на Народноослободителната војна и Народната револуција претставува и најдобра форма за негување на револуционерните традиции кај младите генерации.